**20141424406**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА**

Врз основа на член 59 став (7) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14), министерот за информатичко општество и администрација, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот на спроведување на испитот за административно управување (во натамошниот текст: испитот), како и формата и содржината на потврдата за положен испит.

Член 2

(1) Испитот се организира и спроведува од страна на Агенцијата за администрација (во натамошниот текст: Агенцијата), во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација (во натамошниот текст: Министерството).

(2) Испитот се организира и спроведува најмалку еднаш неделно во месечни сесии во март, април, мај, јуни, септември, октомври и декември, во термини (ден и час на полагањето) кои се утврдуваат од страна на Агенцијата.

(3) Термините од став (2) на овој член се утврдуваат најдоцна до 15-от ден во месецот за наредниот месец и истите се објавуваат на веб страница на Агенцијата.

Член 3

(1) Кандидатот, заинтересиран за полагање на испитот, електронски пополнува пријава за полагање на испитот, во која се внесуваат следните податоци: органот или институцијата во која е вработен кандидатот; име, презиме и единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ) на кандидатот; ниво на работно место и звање; дали кандидатот посетувал обука за административно управување и датум кога ја посетувал обуката; дали кандидатот претходно го полагал испитот за административно управување, колку пати полагал и датум(и) на полагањето и терминот на кој се пријавува за полагање на испитот.

(2) При електронското пријавување за полагање на испитот, на кандидатот му се доделува (генерира) идентификациски код, кој се користи до крајот на полагањето.

(3) Кандидатот може да се пријави за полагање најдоцна осум дена пред закажаниот термин за полагање на испитот.

Член 4

Од страна на Агенцијата се изготвува листа со идентификационите кодови на кандидатите кои ги исполнуваат законските услови за полагање на испитот која се објавува на веб страницата на Агенцијата, најдоцна три дена пред закажаниот термин за полагање на испитот.

Член 5

(1) Испитот се полага во Агенцијата, во простории кои се материјално и технички опремени со соодветна информатичко-комуникациска опрема и софтвер за спроведување на испитот, водење на евиденции и документација и надзор на работењето.

(2) Просториите од став (1) на овој член треба да поседуваат најмалку шест веб – камери, кои овозможуваат снимање на просторијата и кандидатите кои полагаат во неа, со тоа што најмалку две од поставените камери, во секој момент од полагањето, можат да обезбедат увид и следење на состојбата на дисплејот поставен на ѕидот во истата просторија.

(3) Пред почетокот на полагањето на испитот, поединечно се утврдува идентитетот на секој од кандидатите присутни во просторијата по што се пристапува кон запознавање на кандидатите со текот и правилата на полагањето на испитот.

(4) Кандидатот кој нема да ги почитува правилата за полагање на испитот, ќе биде повикан да ја напушти просторијата во која се полага, по што следува исклучување на неговата работна станица.

(5) Кандидатот треба да заврши со полагањето на тестот во временскиот период утврден со овој правилник.

(6) По завршување на полагањето, односно по истекот на утврдениот период за полагање, кандидатот треба да ги напушти просториите за полагање, односно тестирање.

(7) Електронските резултати од полагањето на сите кандидати поврзани со нивните идентификациски кодови, како и снимките од полагањето, се чуваат во Агенцијата, најдоцна 24 месеци од денот и часот на одржување на испитот.

Член 6

(1) Испитот се состои од два дела: теоретски дел и практичен дел, кои се полагаат во ист ден, последователно.

(2) Кандидатот прво го полага теоретскиот дел од испитот, кој доколку кандидатот не го положи, не може да пристапи кон полагање на практичниот дел од испитот.

(3) Кандидатот ќе се смета дека го положил испитот, само доколку ги положи двата дела од истиот.

(4) Времетраењето на испитот изнесува 120 минути и во рамките на ова време, кандидатот треба да го заврши полагањето и на двата дела од истиот.

Член 7

(1) Теоретскиот дел на испитот, се состои во решавање на тест кој содржи 40 прашања и се полага така што кандидатот го избира точниот одговор од понудените одговори.

(2) Теоретскиот дел на испитот носи најмногу 50 бода, а ќе се смета за положен доколку кандидатот освои најмалку 30 бода.

(3) Теоретскиот дел на испитот се состои од десет прашања од ниска, 15 прашања од средна и 15 прашања од висока сложеност.

(4) Заради точен увид во бројот на бодови кои во текот на полагањето може да ги освои, покрај секое прашање за кое кандидатот дава одговор, се наведува и бројот на бодови кое истото го носи и тоа:

- за прашања од ниска сложеност - 0,50 бода;
- за прашања од средна сложеност - 1 бод; и
- за прашања од висока сложеност - 2 бода.

(5) Прашањата за теоретскиот дел од испитот, се генерирани по случаен избор од базата на прашања за теоретскиот дел, која е јавно достапна на веб страницата на Министерството и Агенцијата.

(6) Резултатот, односно бројот на освоени бодови, како и исходот од полагањето на теоретскиот дел од испитот – положен/неположен, е достапен за кандидатот веднаш по завршувањето на полагањето на екранот од компјутерот, како и на дисплејот во салата за полагање во Агенцијата.

(7) Кандидатот кој не го положил теоретскиот дел на испитот, ќе се смета дека не го положил испитот, и истиот се заведува во евиденцијата на Агенцијата.

(8) Кандидатот кој го положил теоретскиот дел, може да пристапи кон полагање на практичниот дел на испитот.

Член 8

(1) Практичниот дел од испитот се состои од решавање на три студии на случај, од кои првата е од областа на управување со јавни финансии, втората е од областа на управување со проекти, а третата е од Кодексот за административни службеници.

(2) Практичниот дел од испитот носи најмногу 50 бода при што првата и втората студија на случај носат по 20 бода, а третата студија на случај носи 10 бода.

(3) Практичниот дел од испитот ќе се смета за положен доколку кандидатот успешно ги реши трите студии на случај, односно освои најмалку 60% од максималниот број на бодови по студија или освои најмалку 12 бода од првата, 12 бода од втората и 6 бода од третата студија.

(4) Студиите на случај од ставот (1) на овој член, се решаваат преку анализа, проучување и одговарање на пет прашања поврзани со студијата.

(5) За првата и втората студија на случај, кандидатот одговара на две прашања од ниска, две прашања од средна и едно прашање од висока сложеност, при што:

- прашањата од ниска сложеност носат најмногу 2 бода;
- прашања од средна сложеност носат најмногу 4 бода; и
- прашањето од висока сложеност носи најмногу 8 бода.

(6) За третата студија на случај, кандидатот одговара на две прашања од ниска, две прашања од средна и едно прашање од висока сложеност, при што:

- прашањата од ниска сложеност носат најмногу 1 бод;
- прашања од средна сложеност носат најмногу 2 бода; и
- прашањето од висока сложеност носи најмногу 4 бода.

(7) Заради увид во бројот на бодови кои во текот на решавањето може да ги освои, покрај секое прашање од студијата за кое кандидатот дава одговор е назначен бројот на бодови за точниот одговор.

(8) За секое од прашањата од ставот (5) на овој член, понудени се по три одговори, и тоа точен, делумно точен и неточен, при што точниот одговор носи максимален број на бодови, делумно точниот одговор носи половина од максималниот број на бодови, а неточниот носи 0 бодови.

(9) Студиите на случај од ставот (1) на овој член се генерираат по случаен избор од базата на студии на случај, која е јавно достапна на веб - локациите на Министерството и Агенцијата.

(10) Резултатот, односно вкупниот број на освоени бодови од студиите на случај, како и исходот од полагањето на практичниот дел од испитот – положен/неположен, е достапен

за кандидатот веднаш по завршувањето на полагањето на екранот од компјутерот, како и на дисплејот во салата за полагање во Агенцијата.

(11) Кандидатот кој не го положил практичниот дел од испитот, ќе се смета дека не го положил испитот, и истиот се заведува во евиденцијата на Агенцијата.

Член 9

(1) Од страна на Агенцијата се известува Министерството за резултатите од полагањето на испитот.

(2) Известувањето од став (1) на овој член, ги содржи следните податоци: датум и час на полагањето, листа на кандидати кои полагале и податоци за секој кандидат од листата (идентификациски код; име, презиме и ЕМБГ; институција во која е вработен; резултати, односно освоени бодови поодделно за секој дел од испитот и збирен резултат, како и исход од испитот – положен/неположен).

(3) Од страна на Министерството се известува институцијата во која е вработен кандидатот кој го положил испитот.

(54) Известувањето од став (3) на овој член, содржи: датум и час на полагањето, листа на кандидати од соодветната институција кои го полагале испитот и податоци за секој кандидат од листата (идентификацискиот код; име, презиме и ЕМБГ; резултати, односно освоени бодови поодделно за секој дел од испитот и збирен резултат, како и исход од испитот – положен/неположен).

Член 10

(1) На административниот службеник кој го положил испитот, од страна на Министерството му се издава Потврда за положен испит за административно управување, која ги содржи следните податоци: идентификациски код, име, презиме и ЕМБГ; како и датум на полагањето.

(2) Потврдата од став (1) на овој член, се изготвува на Образец - П1, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 11

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со отпочнување на примената на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14).

Бр. 14/2-2766/16
16 септември 2014 година
Скопје

Министер,
м-р **Иво Ивановски**, с.р.

Образец – П1

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

бул. „Св.Кирил и Методиј“ бр.54 1000 Скопје
Тел: +389(0)2 320-0870, факс: +389(0)2 322-1883, е-пошта: contact_mis@mis.gov.mk

Врз основа на член 41 став (8) од Законот за административни службеници (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014) и член 12 од Правилникот за начинот на спроведување на испитот за административно управување како и формата и содржината на потврдата за положен испит (“Службен весник на Република Македонија“ бр. __/_____), Министерството за информатичко општество и администрација ја издава следната

**ПОТВРДА**
**ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ**

На ден __________ (датум) во просториите на Агенцијата за администрација, административниот службеник________________(име и презиме), со ______________(ЕМБГ), вработен во ___________________ (институција), на работно место_________________(шифра, назив на работното место и звањето кое го има административниот службеник), ПОЛОЖИ ИСПИТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ.

Бр. ___-__/_______
__________ година

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА**

(МП) ____________________________

Овластено лица од организационата единица
за управување со човечки ресурси